С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 4 година XL** **12 јули 2004**	Претплата за 2004 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

62.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес донесува,

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/1
09 јули 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 2 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03), а во согласност со член 14, член 15, став 2 и член 21 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ"бр.79/93; 3/94; 71/96; 46/00; 11/01; 93/01; 46/02 и 24/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година

Член 1

Во Буџетот на Општина Велес за 2004 година ("Сл.гласник на Општина Велес бр.9/03") во Билансот на расходи:

- во категоријата 40, подкатегорија 401, ставка 4011 Нето основни плати износот од "4.007.425,оо" ден. се заменува со износот "4.357.425,оо" ;

- во категоријата 44, подкатегорија 443, ставка 4436 Трансфери од областа на културата износот од "2.215.000,оо" ден. се заменува со износот "1.865.000,оо" денари;

Член 2

Во посебниот дел во Билансот на расходи во Програма 1 Администрација

- во категоријата 40, подкатегорија 401, ставка 4011, подставка 401112 основни плати на работници износот од "3.697.745,оо" ден. се заменува со износот "4.047.745,оо" денари ;

- во категоријата 44, подкатегорија 443, ставка 4436, подставка 443618 други трансфери од областа на културата по Програма за култура износот од "2.215.000,оо" ден. се заменува со износот "1.865.000,оо" денари;

- во категоријата 44, подкатегорија 442, ставка 4421, подставка 442113 Трансфери до здруженија на граѓани износот од "570.000,оо" ден. се заменува со износот "575.000,оо" денари;

- во категоријата 44, подкатегорија 442, ставка 4421, подставка 442114 Трансфери до спортски клубови по Програма за спорт износот од "120.000,оо" ден. се заменува со износот "115.000,оо" денари;

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/2
08.07.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

.

63.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за организирање на Општинската администрација на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за организирање на Општинската администрација на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/2
09 јули 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 57 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23 став 1 точка 1 и член 57, став 2 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.07.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за организирање на Општинска администрација на Општина Велес

1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се организира и уредува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општината Велес (во натамошниот текст Општинска администрација).

Член 2

Се организира Општинска администрација за вршење на работата од надлежност на Општината утврдени со Законот за локалната самоуправа и посебните закони за одделни области и Статутот на Општината.

Член 3

Општинската администрација:

1.Ги подготвува актите за Советот и за градоначалникот;

2.Ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;

3.Врши стручни работи за Советот и за Градоначалникот;

4.Го води сметководството на Општината;

5. Ја следи проблематиката во областите од надлежност на Општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;

6.Доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;

7.Ракува со документите на Општината, и ги чува се до нивно уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија и

8.Врши и други работи што ќе и ги определи Советот и Градоначалникот.

Член 4

За вршење на стручни, нормативно-правни, извршни, управни работи и други работи во рамките за кои Општината самостојно одлучува, како и за надлежностите кои и се доверени на Општината, Општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

Член 5

Општинската администрација ја сочинуваат:

-Сектор за правни, финансиски, општествени, развојни и општи работи, и

-Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животна средина.

А.СЕКТОР ЗА ПРАВНИ, ФИНАНСИСКИ, ОПШТЕСТВЕНИ, РАЗВОЈНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Член 6

-Секторот за правни, финансиски, општествени, развојни и општи работи се состои од:

1.Одделение за правни, општи работи, човечки ресурси и месна самоуправа.

2.Одделение за финансирање и буџет, администрирање со даноци и имот.

3.Одделение за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации.

4.Одделение за економски развој и информатичка технологија.

Б.СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 7

Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животна средина се состои од:

1.Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

2.Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура.

3.Одделение за инспекциски надзор.

А.СЕКТОР ЗА ПРАВНИ, ФИНАНСИСКИ, ОПШТЕСТВЕНИ, РАЗВОЈНИ И ОПШТИ РАБОТИ

А.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ, ОПШТИ РАБОТИ , ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И МЕСНА САМОУПРАВА

Член 8

Одделението за правни, општи работи, човечки ресурси и месна самоуправа ги врши работите што се однесуваат на подготвување на нормативни акти (одлуки и други општи акти) од надлежност на Советот, односно Градоначалникот на Општината, дава мислење на прописи од аспект на нивната законитост кога предлагачи се други органи, врши стручни и организациони работи за функционирање на Советот и на неговите тела, односно на Градоначалникот на општината, ја организира и се грижи за работата на месната самоуправа, се грижи за извршување на одлуките од надлежност на Советот, дава правна помош на граѓаните, информирање на корисниците на услугите за полесно остварување на нивните права, обезбедува информации за Советот на Општината, Градоначалникот и општинската администрација, врши информативни и протоколарни работи за потребите на Советот и Градоначалникот, се грижи за меѓународна соработка на општината, врши работи што произлегуваат од работниот однос на вработените во општинската администрација, се грижи за работите од цивилната заштита и противпожарната заштита, канцелариското работење кое го опфаќа приемот, отворањето, евиденцијата и испраќањето на актите на органите на општината, архивското работење, дактилографските работи, секретарски работи за Градоначалникот, работи за возниот парк и други помошно технички работи (кафе кувар и хигиеничар), врши и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност согласно законите и други прописи, односно од страна на Градоначалникот и Советот.

А.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ, БУЏЕТ, ОПШТИНСКИ ИМОТ И АДМИНИСТРИРАЊЕ СО ДАНОЦИ

Член 9

Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци ги врши работите што се однесуваат на: подготвување на Буџетот и Годишната сметка на Буџетот и други акти од областа на финасирањето, а што се од надлежност на Општината, се грижи за администрирањето со даноците и комуналните такси, ја води и ускладува евиденцијата на имотот на Општината, ги следи и применува прописите за финансиско работење, сметководство и материјално работење на органите на Општината и на месната самоуправа, ги следи, проучува и дава мислење за прописите од финансиите, го известува Советот и Градоначалникот за промена на прописите од интерес на финансирањето, поднесува извештаи за состојбите на сметката до Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој на Советот и на нејзино барање доставува извештаи за состојбите на сметката и податоци од значење за финансиското работење, врши и други работи што ќе му бидат дадени во надлежност согласно законите и други прописи, како и од страна на Градоначалникот и Советот.

А.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ЗДРАВСТВО, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, СПОРТ И СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

Член 10

Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации, ги врши работите што се однесуваат на: следење на состојбата во областите на културата, спортот, социјалната заштита, образованието и здравството во рамките на надлежностите кои Општината задолжително ќе ги извршува, согласно закон ги следи прописите и дава мислење од овие области, предлага мерки и активности што треба Советот и Градоначалникот да ги преземаат, се грижи за соработката со здруженијата на граѓани и фондации, врши и други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно закон или друг пропис односно од страна на Градоначалникот и Советот.

А.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Член 11

Одделението за економски развој и информатичка технологија ги врши работите што се однесуваат на локалниот економски развој за што подготвува програми и предлага мерки за поддршка на малите и средните претпријатија и претприемиштвото на локално ниво, учествува во воспоставувањето и развојот на мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерството, остварува соработка со меѓународни организации, неваладини, хуманитарни и други организации, се грижи за развој на информатичката технологија и нејзиното вклучување во функционирањето на општината, врши и други работи што ќе му бидат ставени во надлежност со закон или друг пропис, односно од страна на Градоначалникот и Советот.

Б.СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Б.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ , СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 12

Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина ги врши работита што се однесуваат на: следење на состојбата во областа на урбанизмот на подрачјето на Општината и покренува иницијативи и предлози за донесување или изменување на детални урбанистички планови, ги прибира и стручно обработува барањата и иницијативите од физички и правни лица за измена на детални урбанистички планови, ја подготвува документацијата и информационата основа за покренување постапка за изработка, донесување или изменување на детални урбанистички планови на Општината, учествува во изработка на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општината, врши издавање на одобренија за градба, ги следи и проучува прописите од својата област, врши уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници, се грижи за изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација, изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање, го регулира режимот на сообраќај, ги следи состојбите сврзани со работите за заштита и унапредување на животната средина и природата, врши и други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и други прописи, како и од страна на Градоначалникот и Советот.

Б.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Член 13

Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура ги врши работите што се однесуваат на: следење на состојбите и организирање изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици, вршење на работите сврзани со јавното осветлување во градот и населените места на подрачјето на Општината, следење на состојбите за уредување и одржување на јавното зеленило, врши надзор над работата на јавните претпријатија основани од општината, врши и други работи што со посебни закони за комунални дејности се дадени во надлежност на Општината, ги следи прописите и дава мислење по истите од својата област, учествува во изготвување на програми и извештаи и врши и други работи што ќе му бидат доверени согласно законите и други прописи, односно од страна на Градоначалникот и Советот.

Б.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 14

Одделението за инспекциски надзор врши непосреден инспекциски надзор согласно со одредбите на Законот за комунални дејности и други закони и прописи што содржат одредби што ја регулираат оваа дејност, врши контрола и надзор над извршувањето на работите врз објекти од јавен интерес,врши контрола од областа на комуналната дејност на територијата на целата општина, води постапка, донесува решенија и поднесува пријави за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд, спроведува одлуки на Советот на општината од комуналната дејност, покренува и врши анализа на одредени состојби во општината и дава предлози до Градоначалникот и Советот за нивно разрешување, врши непосреден надзор над примената на одредбите од Законот за сообраќај и патишта и другите закони и прописи што содржат одредби за сообраќај и патишта, врши увид во авто-такси превозот во општината, ги следи состојбите согласно Законот и надлежностите во градскиот и приградскиот сообраќај на претпријатијата кои вршат превоз на патници од локално значење, врши отстранување на непрописно паркирани возила и отстранување на хаварисани возила од јавните површини, врши непосреден испекциски надзор согласно со член 22 од Законот за локална самоуправа како и одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за изградба на инвестициони објекти. Инспекцискиот надзор го вршат инспектори.

2. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 15

Со Општинската администрација раководи Градоначалникот.

Со секторите и одделенијата раководат раководители.

Раководителите за својата работа и за работата на секторот односно одделението одговараат на Градоначалникот.

Раководителите на секторите односно одделенијата ги именува и разрешува Градоначалникот.

Член 16

Внатрешната систематизација и организација на работите и работните задачи и бројот на извршителите во Општинската администрација ја пропишува Градоначалникот со донесување на правилник за систематизација на работните места, а распоредувањето на вработените во тие рамки го врши Градоначалникот.

Член 17

Општинската администрација соработува со содветна адмистрација од други

општини и со подрачните единици на Министерствата на Владата на Република Македонија за прашања и проблеми од заеднички интерес.

Член 18

Работата на Општинската администрација е јавна.

Член 19

Вработените во Општинската администрација кои вршат стручни, нормативно правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

За вработувањето, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од став 1 на овој член ќе се применуваат одредбите од Законот за државни службеници.

За вработените во општинската администрација кои вршат административно технички и помошни работи се применуваат одредбите од работното законодавство.

3. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање,организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општината Велес (,,Службен гласник на Општина Велес,, бр. 3/03)

Член 21

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/3
08.07.2004 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

64.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на ДУП за локалитет "9-ти Ноември"

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на ДУП за локалитет "9-ти Ноември", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/3
09 јули 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 18, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ“ бр.52/95) член 22,став 3 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ“ бр.4/96, 28/96,28/97,53/01), и член 23 став 1,точка 15 од Статутот на Општина Велес бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.07.2004 година донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Детален урбанистички план за локалитет "9-ти Ноември"во Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Детален урбанистички план за локалитет "9-ти Ноември" во Велес, донесен од страна на Собранието на Општина Титов Велес со Одлука за донесување на ДУП за МЗ “9-ти Ноември” бр.08-3225/1 од 30.06.1988 год.

Документацијата за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистико планирање и Правилникот за стадарди и нормативи за планирање на просторот.

Член 2

Просторот за кој се однесува измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за локалитет"9-ти Ноември"во Велес е со површина на урбано подрачје од 2 ха.

Во документационата основа и во планираниот развој опфатот е еден урбан модул ,а просторот е дефиниран со основна намена - домување.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје: на северозапад- улуца "Благој Ѓорев"; на североисток -улица " 8 Велешка бригада"; на југоисток -граница на парцела на резервоари за вода и продолжува помеѓу КП 8649 и 6420 и југозапад и запад-улуца "Тодор Јанев", се до почетната точка на ул "Благој Ѓорев".

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

– Текстуален дел и Графички дел со одредби за спроведување на ДУП за локалитет "9-ти Ноември" во Велес.

- Стручна ревизија на Нацрт - донесување на ДУП за локалитет "9-ти Ноември"во Велес.

Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје.

Извештај од јавна анкета со образложение за неприфатени забелешки .

Член 4

За измената и дополнувањето на ДУП за локалитет "9-ти Ноември"во Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски - Скопје бр.13-7929 од 28.06.2004 година.

Член 5

Измената и дополнувањето на ДУП за локалитет "9-ти Ноември"во Велес ја потпишува и заверува претседателот на Советот на Општина Велес во 4 (четири) примероци од кои еден примерок задржува доносителот на планот, а останатите примероци се доставуваат до ПЕ на Министерството за транспорт и врски -Велес.

Член 6

Измената и дополнувањето на ДУП за локалитет "9-ти Ноември"во Велес ќе ја спроведува Министерството за транспорт и врски- ПЕ Велес .

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Велес.

Број 0701-1490/4
08.07.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
СтеванкаБогоевска с.р.

65.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за определување на намената на објект на ул."Алексо Демниевски"

Се прогласува Одлуката за определување на намената на објект на ул."Алексо Демниевски", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/4
09 јули 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1,точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) , член 23, став 1, точка 10 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.07.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на намената на објект на улица "Алексо Демниевски"

Член 1

Со оваа Одлука се врши определување на намената на просторот во објектот на КП 2003 на улица, "Алексо Демниевски" бр.6, соспственост на Општина Велес ИЛ бр 25440.

Член 2

За извршување на потребите на општината, просторите од објектот утврден во член 1 на оваа Одлука, ќе се наменената и користат и тоа:

-приземните простории од објектот ќе се наменат за Ликовен салон и галерија ;

-една просторија од спратот од објектот ќе се намени за просторија за информативно туристичко биро ;

-другите останати простории од спратот се отстапуваат на користење на Ловното друштво "Руен " од Велес без надоместок.

Член 3

За користењето на просториите од член 2, став 1 алинеа 3 на оваа Одлука да се склучи Договор помеѓу Општина Велес и Ловното друштво "Руен " од Велес.

Член 4

Спроведувањето на намената на просторот од член 2 став 1 алинеа 1и 2 на оваа Одлука ќе се спроведува постапно во зависност од расположливите стредства на Општината.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес"

Број 0701-1490/5
8.07.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

66.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за определување на намената на објект - училишна зграда во с.Ораовец

Се прогласува Одлуката за определување на намената на објект-училишна зграда во с.Ораовец, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/5
09 јули 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1,точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) , член 23, став 1, точка 10 од Статутот на општина Велес ("Сл.гласник на општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.07.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на намената на објект-училишна зграда во с.Ораовец

Член 1

Со оваа Одлука се врши определување на намената на просторот во објект-училишна зграда во с.Ораовец кој се наоѓа на КП 26, во вкупна површина од 200м^2 заведен во ПЛ 58, сопственост на општина Велес.

Член 2

За извршување на потребите на општината,просториите од објектот утврден во член 1 на оваа Одлука,ќе се наменат и користат и тоа:

-спомен соба посветена на историските личности од Ораовец;

-Еко-дом кој ќе се користи за одмор и рекреација и

-просторија за потребите на месната заедница.

Член 3

Спроведувањето на намената на просторот од член 2 на оваа Одлука ќе се спроведува постапно во зависност од расположливите средства на Општината.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/6
8.07.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
СтеванкаБогоевска.с.р.

67.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претставник за учество на Изборното собрание на Противпожрниот сојуз на Општина Велес

Се прогласува на Решението за именување на претставник за учество на изборното собрание на противпожарниот сојуз на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/11
09 јули 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претставник за учество на Изборното собрание на Противпожарниот сојуз на Општина Велес

1. За претставник за учество на изборното собрание на Противпожарниот сојуз на Општина Велес се именува

- Јовица Андовски, дипломиран економист.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/12
08.07.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

68.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува.

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Рајко Жинзифов" Долно Оризари - Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Рајко Жинзифов" Долно Оризари - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/12
08 јули 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 109 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл.весник на РМ" бр.52/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ"Рајко Жинзифов" Долно Оризари Велес

1. Од членови во Училишниот одбор на ОУ "Рајко Жинзифов" Долно Оризари Велес се разрешуваат:

- Ајтов Трајко професор
-Фаик Каришиќ вработен во "Жито Вардарг

2. За членови во Училишниот одбор на ОУ "Рајко Жинзифов" Долно Оризари Велес се именуваат:

- Адем Кицара член на Советот на Општина Велес
- Сеад Балтиќ, медицински техничар

3. Членовите на Училишниот одбор се именуваат за период од 4 години.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/13
08.07.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

69.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Стојан Бурчевски-Буридан" с.Иванковци - Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Стојан Бурчевски-Буридан" с.Иванковци - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/13
08 јули 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 109 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл.весник на РМ" бр.52/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ"Стојан Бурчевски-Буридан" с.Иванковци Велес

1. Од членови во Училишниот одбор на ОУ "Стојан Бурчевски-Буридан" с.Иванковци Велес се разрешуваат:

-Тодор Најдов-професор;

-Дејан Крстев

2. За членови во Училишниот одбор на ОУ "Стојан Бурчевски-Буридан" с.Иванковци Велес се именуваат:

- Миле Митиќ, средна стручна подготовка;

- Тијана Јовановска, економски техничар

3. Членовите на Училишниот одбор се именуваат за период од 4 години.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/14
08.07.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

70.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за издавање под закуп на недвижен имот - објект "Сателитска станица"

Се прогласува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за издавање под закуп на недвижен имот - објакт "Сателитска станица", што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/14
08 јули 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на челн 36, став 1, точка 10 и член 67 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претседател и членови на Комисијата за издавање под закуп на недвижен имот објект "Сателитска станица"

1.Со ова Решение се именува претседател и членови на Комисијата за издавање под закуп на недвижен имот објект "Сателитска станица".

2.За претседател на Комисијата се именува:

- Петре Најдов, вработен во Општина Велес

3.За членови на Комисијата се именуваат:

- Костадин Настевски, вработен во Општина Велес

- Александар Костовски, вработен во Општина Велес

4. Се задолжува Комисијата да ја утврди почетната вредност на закупнината и другите услови за спроведување на постапката за јавното наддавање под закуп на недвижен имот објект "Сателитска станица".

5. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/15
08.07.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

71.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/6
09 јули 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 43,од Законот за градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" бр.33/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

1.Се усвојува Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/7
08.07.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на 08. 07.2004 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

1. Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година ("Службен гласник на општина Велес" бр. 9/03, 1/04, 2/04 и 3/04) се врши измена и дополнување: во глава V.

-Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште и тоа:

-Во точка II - Уредување на плоштади, во колоната "износ" бројот "1.900.000,оо" се брише и се заменува со бројот "2.100.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "3.02%" се брише и се заменува со "3.34%",

- во позицијата"1. Плоштад на спојот на ул. "Андон Шурков" со ул. "Благој Ѓорев", во колоната "износ" бројот "1.000.000,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "1.200.000,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "52,63%" се брише и се заменува со бројот "57,14".

-Во точка III - Изградба на улици**,** во колоната "износ" бројот "6.435.000,оо" се брише и се заменува со бројот "6.635.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "10.23%" се брише и се заменува со "10.55%",

- во позицијата"2. ул."Роса Плавева" .дел - изградба", во колоната "износ" бројот "500.000,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "700.000,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "7,77%" се брише и се заменува со бројот "10,55".

-Во точка IV - Одржување на улици**,** во колоната "износ" бројот "2.420.000,оо" се брише и се заменува со бројот "2.220.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "3,85%" се брише и се заменува со "3.53%", позицијата "3. ул."Маршал Тито" од Стара аптека до Стар Мост - асфалтирање " со вредност од 500.000,оо ден. и процент од 20,66% се брише во целост, и се додава нова позиција"18. ул."Страшо Пинџур" - асфалтирање " со вредност "300.000,оо" ден. во колоната "износ", и процент "13,51" во колоната "структура %".

-Во точка VII - Изградба и одржување на потпорни ѕидови, во колоната "износ" бројот "6.220.000,оо" се брише и се заменува со бројот "5.620.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "9.89%" се брише и се заменува со "8.93%",

- во позицијата"1. Регулација на р. Вардар", во колоната "износ" бројот "5.000.000,оо" ден. се брише и се заменува со

бројот "4.400.000,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "80,39%" се брише и се заменува со бројот "78,29".

-Во точка XI - Разни зафати (изградба и одржување), во колоната "износ" бројот "7.130.000,оо" се брише и се заменува со бројот "7.530.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "11,33%" се брише и се заменува со 11.97%", и се додава нова позиција"19. Уредување на премин на железничка пруга кај Стар Мост " со вредност "400.000,оо" ден. во колоната "износ", и процент "5,31" во колоната "структура %".

-Во точка XVI.4. - Реконструкција и проширувањена на јавното осветлување, позицијата "*Осветлување на кејот " со вредност од 100.000,оо ден. и процент од 5,26% се брише во целост, и се додава нова позиција"* Осветлување на ул."Невена Ѓеоргиева Дуња" со вредност "100.000,оо" ден. во колоната "износ", и процент "5,26" во колоната "структура %".

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/7
08.07. 2004 год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

72.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за не усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за не усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмта за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/7
09 јули 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Вез основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за неусвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2004 година

1. Не се усвојува Програмата за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/8
08.07.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

73.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за кативностите на Општина Велес во областа на спортот за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмта за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/8
09 јули 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Вез основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 16, став 1, точка 6 од

Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година

1.Се усвојува Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/9
08.07.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Вез основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 16, став 1, точка 6 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година

1. Во табеларниот преглед на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.9/03), во редниот број 4 бројот "5.000,оо" се брише и бројот во вкупно "120.000,оо" се брише и се заменува со "115.000,оо".

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/9
08.07.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

74.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот од Комисијата за спроведување на јавното наддавање за издавање под закуп на објект "Градски базен" .

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Извештајот од Комисијата за спроведување на јавното наддавање за издавање под закуп на објект "Градски базен", што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/9
09 јули 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот од Комисијата за спроведување на јавното наддавање за издавање под закуп на објект "Градски базен"

1. Се усвојува Извештајот од Комисијата за спроведување на јавното наддавање за издавање под закуп на објект "Градски базен".

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/10
08.07.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

75.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за полова рамноправност

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за полова рамноправност, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1495/10
08 јули 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 08.07.2004 година, донесе

З А К Л У ЧО К
за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за полова рамноправност

1. Се усвојува Извештајот за работата на Комисијата за полова рамноправност.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1490/11
08.07.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

76.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања на Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.06.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јуни 2004 година

Член 1

За месец јуни 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за вршењето функција член на Советот, работа во работните тела на Советот на Општина Велес (разгледување и проучување на материјали за Советот, давање предлози и иницијативи, контактирање со институции и граѓани, посета на месни заедници, општествени организации и здруженија на граѓани и вршење на други активности кои произлегуваат од правата и должностите на членовите на Советот определени со Закон и Статутот на Општината) во износ од 5.000,оо денари.

Член 2

На претседателот на Советот на Општина Велес за месец јуни 2004 година му се определува надоместок на трошоците во износ од 9.000,оо денари.

Член 3

На членовите на работните тела на Советот на Општина Велес кој не се членови на Советот на Општина Велес (надворешни членови) за присуство и работа на седниците на работните тела им се определува надоместок во износ од 8% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

Член 4

На членовите на Советот ,определени за склучување на бракови им се определува надоместок во износ од 500,оо денари ,за секој ден на ангажираност за склучување на бракови без оглед на тоа колку бракови членот склучил во тој ден.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец мај 2004 година ("Сл.гласник на Општина Велес "бр.3/04).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува за месец јуни 2004 година.

Број 1001-1415/1
30.06.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за давање предлози за избор,именување и мандатни прашања
Марјанчо Николов с.р.

77.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања на Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.06.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јули 2004 година

Член 1

За месец јули 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за присуство на одржана седница на Советот на Општина Велес, без оглед на времетраењето на седницата во износ од 30% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, и надоместок за патни и дневни трошоци во висина од 8% од просечната исплатена месечна нето плата за последните три месеци во Република Македонија.

Член 2

За месец јули 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес и надворешни членови им се утврдува надоместок за присуство и работа на седниците на работните тела на Советот на Општина Велес, без оглед на времетраењето на седницата во износ од 8% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

Доколку на денот на одржувањето на седница на Советот на Општина Велес, се одржува седница на работно тело-одбор или комисија,надоместок за присуство и работа на седниците на работните тела на членовите на Советот не им се исплатува.

Член 3

На претседателот на Советот на Општина Велес за месец јули 2004 година му се определува надоместок на трошоците во износ од 9.000,оо денари.

Член 4

На членовите на Советот ,определени за склучување на бракови им се определува надоместок во изност од 500,оо денари ,за секој ден на ангажираност за склучување на бракови без оглед на тоа колку бракови членот склучил во тој ден.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јуни бр.1001-1415/1 од 30 06.2004 год.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ("Службен гласник на Општина Велес"), а ќе се применува за месец јули.

Број 1001-1416/1
30.06.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за давање предлози за избор,именување и мандатни прашања
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
62	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година**	103
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2004 година	
63	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за организирање на општинската администрација на Општина Велес**	104
	О Д Л У К А за опганизирање на општинска администрација на општина Велес	
64	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на ДУП за локалитет “9-ти Ноември**	107
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Детален урбанистички план за локалитет "9-ти Ноември"во Велес	
65	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за определување на намената на објект на ул."Алексо Демниевски"**	108
	О Д Л У К А за определување на намената на објект на улица "Алексо Демниевски”	
66	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за определување на намената на објект - училишна зграда во с.Ораовец**	109
	О Д Л У К А за определување на намената на објект-училишна зграда во с.Ораовец	
67	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претставник за учество на изборното собрание на противпожрниот сојуз на Општина Велес**	109
	Р Е Ш Е Н И Е за именување претставник за учество на Изборното собрание на Противпожарниот сојуз на Општина Велес	
68	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Рајко Жинзифов" Долно Оризари - Велес**	110
	Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ"Рајко Жинзифов" Оризари Велес	
69	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОУ "Стојан Бурчевски-Буридан" с.Иванковци - Велес**	110

Бр на акт **Страница**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОУ"Стојан Бурчевски-Буридан" с.Иванковци Велес

70 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за издавање под закуп на недвижен имот - објект “Сателитска станица"** 111

Р Е Ш Е Н И Е за именување на претседател и членови на Комисијата за издавање под закуп на недвижен имот објект "Сателитска станица”

71 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година** 112

З А К Л У ЧО К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

72 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за не усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2004 година** 113

З А К Л У ЧО К за неусвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2004 година

73 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за кативностите на Општина Велес во областа на спортот за 2004 година** 113

З А К Л У ЧО К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2004 година

74 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот од Комисијата за спроведување на јавното наддавање за издавање под закуп на објект “Градски базен"** 114

З А К Л У ЧО К за усвојување на Извештајот од Комисијата за спроведување на јавното наддавање за издавање под закуп на објект "Градски базен”

Бр на акт **Страница**

75	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за полова рамноправност**	115
	З А К Л У ЧО К за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за полова рамноправност	
76	**О Д Л У К А за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јуни 2004 година**	115
77	**О Д Л У К А за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јули 2004 година**	116

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, одговорен уредник Петре Најдов

телефон:232-966, Жиро-сметка 300-27000000-48